ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ
НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E
MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP

Бр./ Nr. 02 - 1542/1
11 - 11 - 2024 год.
СКОПЈЕ / SHKUP 1

Врз основа на чл.37-њ и 37- н од Законот за јавни претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.38/96, 39/16, 64/18 и 35/19), член 20-23 од Правилникот за форма и содржината на јавниот оглас за вработување и интерениот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги, бр.02-1381/4 од 18.10.2024год., В.Д. Директорот на ЈП "депонија Дрисла" - Скопје објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 01/2024**
**за пополнување на работно место со унапредување на даватели на услуги**

1. **Раководител на Сектор за механизација,сервис на механизација и возен парк,** шифра **24./КДР0305А02059**,**Сектор за механизација,сервис на механизација и возен парк**,(1) еден извршител;
   - ***Посебни услови***
   - Најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен *(Машинство,електромашинство,електротехника);*
   - за нивото А2 најмалку три години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку пет години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор.
   - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда,
   - Распоред на работно време
   - Работни денови од понеделник до петок 07:00 - 15:00 часот
   - Работни часови неделно 40 часа
   - Паричен нето износ на плата 44.000,00 денари

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнува и следните **општи услови**:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

На интерниот оглас може да се пријават сите вработени од претпријатието кои ги исполнуваат општите и посебните услови пропошани за соодветното работно место согласно правилникот за систематизција на работните места во претпријатието.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот.

Заинтересираните кандидати поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место преку архивата на ЈП депонија Дрисла- Скопје до Одделението за управување со човечки ресурси на адреса ЈП депонија Дрисла- Скопје, с.Батинци бб со назнака "за интерен оглас".

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Директорот на ЈП депонија Дрисла- Скопје.

<u>НАПОМЕНА:</u> Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Ј.П.депонија Дрисла-Скопје
В.Д.Директор
________________
Ненад Јосевски